ЈП ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА
ПАРКИНЗИ
НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

Врз основа на член 36 став 1 и став 2 точка 7 од Статутот на Јавното Претпријатие за јавни паркиралишта ПАРКИНЗИ на Општина Центар („Службен гласник на Општина Центар – Скопје“ бр.19/10 и „Службен гласник на Општина Центар – Скопје“ бр. 3/11), Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „Паркинзи“ на Општина Центар - Скопје на својата 5-та (петта) седница одржана на ден 15.10.2013 година донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на цената на МОБИЛНА БИЗНИС ПАРКИНГ КАРТА**

**Член 1**
Се оваа Одлука се утврдуваат цената на чинење на **МОБИЛНА БИЗНИС ПАРКИНГ КАРТА** за сите деловни субјекти на територија на Општина Центар, корисници на услуги на јавното претпријатие Паркинзи на Општина Центар.

**Член 2**
Право на користење на **МОБИЛНА БИЗНИС ПАРКИНГ КАРТА** го остварува секој деловен субјект на територија на Општина Центар кој може да им овозможат бесплатно паркирање на своите гости, на јавното паркиралиште на кое се наога седиштето на деловниот субјект.
На еден деловен субјект може да му се издадат најмногу 5 (пет) мобилни бизнис карти, одбележани со полниот назив на деловниот субјект за кој се издаваат, со важност од 1 (една) година.

**Член 3**
Предвидена месечна цена за **МОБИЛНА БИЗНИС ПАРКИНГ КАРТА** изнесува

| МОБИЛНА КАРТА | ЦЕНА | КОМУНАЛНА УСЛУГА | КОМУНАЛНА ТАКСА | ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| 1 (една) мобилна бизнис карта | 1.500,00 | 1.144,00 | 150,00 | 206,00 |

**Член 4**
За реализација на оваа одлука се задолжува в.д. Директорот на претпријатието.

**Член 5**
Оваа одлука е составен дел од Ценовник на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта со кои управува Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Паркинзи на Општина Центар – Скопје.

**Член 6**
Оваа Одлука стапува на сила по добиена согласност од Советот на Општина Центар – Скопје и ќе се објави во Службен гласник на Општина Центар – Скопје.

**ЈП ПАРКИНЗИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**
**УПРАВЕН ОДБОР**

**15.10.2013 година**

**Светозар Антониевски**

*ул.Осма ударна бригада бр.20А 1000 Скопје*
*+389 2 3212488; +389 2 3212489;*
*факс +389 2 3212578;*
*електронска адреса:* info@poc.mk
www.poc.mk